Драги Михајловски

# ЛАСИЦИТЕ ОД ЧАИР

Димитар Боровски викан Димза скина конци едно грдо ноемвриско утро од две илјади седумнаесеттата година и по само нецел ден се виде себеси изјазен како ласица на најдебелата гранка од највисокиот јасен натокмен среде паркот во Чаир. Беше уште замелушен од ударот на громот што сабајлето додека се шеташе по дождот забеган во изнаоѓањето на причините за пропаста на сите проекти за присоединување во некаква поширока заедница на неговата сакана Македонија, го тресна по глава и по брза постапка го претвори во оваа четириножна животинка која, пикната во кожувчето, силно се тресеше пред студот.

„Ебати среќата!“ си рече откако ја сфати новонастанататата ситуација, се мушна во големата шуплина од стеблото на јасенот и малку се стопли. „Цел живот гледав во небото и ковав големи планови, мислев нангро, за доброто на татковината, што се вели, а треснав вака главечки наземи, без ниеден остварен план, смален во умот а татковината ја боли патика, особено левата, за мојата судбина! Каде згрешив?“

И во следните пет години, секогаш кога ќе се видеше безбеден, зашто набргу научи кои му се непријателите во паркот што сакаат да му го скинат вратот и да го преобразат во нешто трето, седнат горе на гранката, си размислуваше за првиот живот, за тоа колку бргу му помина, како глупо го списка во наивна неукост и како и што треба да направи доколку, по некоја прилика, бог му даде втора шанса да се појави на свет како човек. При помислата за втора можност, очињата веднаш му светнуваа, опавчето, долго и вижлесто, му заигруваше а срценцето му се расчукуваше. Во таквите мигови, не многу чести, додуша, дури и се дрзнуваше некаде пред зори, пред самата ѕастра кога речиси сè живо и диво што имаше

некаков дом се прибираше и заспиваше, да се спушти од јасенот, внимателно да го мине паркот покрај самиот ѕид од стадионот на Слога кај што беше најмрачно, притаен ко молња да севне покрај оградата од Даути комерц спроти супермаркетот Веро и, пикнат во длабоката сенка зад гнасните контејнери, да се џари во полумрачната улица Џон Кенеди која одлично ја познаваше уште од времето на Титова Југославија. Сакаше сиротиот да знае што се случува во светот што така неочекувано го напушти! Уште си ја сакаше земјата! Но кога ќе видеше дека ништо не е променето, дека сѐ е валкано, неизмиено, недоосветлено како во претходниот живот, разочаран од мерата надвор, со загубен ентузијазам, по истиот пат но сега многу поневнимателен и побавен, ко претепан, се враќаше назад во високото дувло среде паркот.

“Значи уште ништо?“ - се чудеше. “Што се бара сега од нас? Ги исполнивме сите бенчмаркови, нормални и ненормални, го сменивме името, знамето, се прогласивме за глупи и некарактерни, неслободни и полунезависни, мнозина прејдовме во друг живот, што уште треба да сториме?“

Во таквите мигови, подриен од невидена љубопитност, горко жалеше што веќе не е човек и што не може да претрча преку Џон Кенеди, да мине низ тунелчето под зградата број еден, да излезе пред куќата на Новотни и да си купи весник од Алберто. Но беше невозможно заради непосредната опасност веднаш да заврши под тркалата на некоја забрзана кола или да го треснат и да го претворат во украсно крзно на вратот од некоја грдо намирисана, дебела госпоѓа. Го знаеше ова Димза а и немаше храброст да се реши на нова преобразба сега кога веќе се навикна на невестулскиот живот. Затоа со часови си седеше така стуткан на гранката од јасенот разочаран од безмилосната непредвидливост на бог, од неговата смешна склоност кон несолени шеги, од неговата непријатна налуничавост нелогично да ги реди работите во светот а особено од можноста секого, во секој миг, спроти настроеноста своја нестабилна, да го претвора во друга телесија, зголемена или смалена сеедно. И неретко се прашуваше зошто му е оставен умот од претходниот живот полн планови, надежи, желби, воображенија, стремења кога и самиот се убеди на својот пример дека е доволен само еден миг

на несоодветно поведение, па тиранот небаре нема што друго да работи, сѐ да претвори во прав и пепел? Вака си размислуваше изментешениот Димза и дури при раносабајлешното пристудување се повлекуваше во скровиштето од дебелиот јасен потиштен што му судиле вака несоодветно изобличен да биде заробен во тесниот простор од скопскиот Чаир. А што можеше друго да стори, ви се молам? Имаше ли други решенија вака престорен во кило и пол кржлесто месо оставено да скапува во незаградениот затвор на сопствената судбина?

Но, работите како нагло се расипуваат така уште понагло се поправаат. По дожд сонце, што се вели. По тага радост. А сонцето, радоста дојде за Димза ласицата сосема неочекувано една декемвриска вечер од две илјади дваесет и третата година. Таман си ја изеде скромната вечера - мов изгребан од наводенетото стебло на кое живееше - и таман се подготвуваше да си легне во дупката од јасенот која, со годините, само се ширеше и ја подјадуваше стабилноста на високиот дом, кога наеднаш се појави таа нова, свежа, малку чудна на лице но убава ласица која му се изјази на гранката и без срам му шепна на уво:

„Што? Не ме познаваш? Јас сум твојата колешка од Институтот, Марија Вучидолова, паметиш, не? Онаа што ја викавте ‘глупата плавуша’ па после морав да си ја бојам косата црна зашто бев родена русокоса, разбираш?“

“И што вака?“ недоветно праша Димза загулен, збунет и зашеметен од појавата на личната невестулка која шармантно му се извиваше пред очињата. „Мислам,“ пропелтечи откако истрча полуден до крошната од јасенот и се врати назад за да провери да не нешто сонува и откако се убеди дека е ептен расонет, „што ти се случи? Како стана ова што си?“

„Сабајлево ме згазна кола, на крстосницата кај Судска палата. Таман стапнав на пешачки... И еве ме!“

„Никој не ги знае патиштата божји!“ рече Димза со потајна радост што полека го обземаше дека ете Бог сепак има душа штом решил ко еднаш во Едем кога на Адама му ја дал Ева за да му ја ублажи осаменоста сега, во второв живот, да му ја донесе нему привлечната колешка Вучидолова да му го размрда

битисувањето. Самата помисла дека ова е крај на тапата самотија, сосема го растрезни, го живна и му даде нова волја за живот. Дури заборави на непријатната нарав божја подлежна на брзи промени и секавични пресврти која можеше за миг радоста да му ја престори во бескрајна тага „Да не си гладна? Жедна?“ трчкаше тој околу Марија и со рачињата гребеше мов од стеблото. Многу се израдува кога виде дека оваа негова поранешна колешка неверојатно брзо се приспособи на новата ситуација, дека без резерва си го земаше мовот донесен од Димза и сласно си го шлапкаше со напученото усте. „Боже,“ само уште си рече пред да седне до неа на гранката, да ја испипа со рачето по ситните мустачиња и да ја погледне право во похотните очиња, „како ли се љубат ласиците?“ И така, речиси среќни, си седеа на гранката во долгата ноќ загледани во црните гаврани кои разгракани се бркаа низ паркот.

Некаде пред зори, Димза повеќе не можеше да издржи. Мислеше дека доволно ја чекаше Марија да се навикне на новата ситуација и дека е време да ја праша за работите што го копкаа. Сѐ уште го јадеше јанѕа за светот, за татковината, до каде стигнала, дали нешто се променило во овие години од неговото битисување како невестулка во чаирското паркче, размислуваше сѐ уште на големо, што се вели, чисто машки, со философско настроение. Се изненади кога на прашањето Марија, рамнодушно небаре стануваше збор за ланскиот снег, но многу умно, несвојствено за онаа глупава Марија што ја познаваше од Институтот, му рече:

„Која татковина, Македонија? Поарно да не знаеш! Зарем не е најголема среќа да живееш во блажено незнаење? Да си свртен кон себе? Кон детаљот во светот што го претставуваш ти, твојот свет од мечти и собития? Што ти е гајле за општото? Ако сакаш да сетиш што е среќа, сврти се кон посебното, твоето! Кому му е гајле за тебе? Мислиш се распадна Институтот кога те снема?“

„Кажи ми!“ само што не вресна машката ласица испентерена на јасеновата гранка среде паркот „сакам да чујам а потоа ќе размислам за ова што ми го велиш!“

„Види," му рече таа, „има луѓе но и земји на кои едноставно не им оди. Само реинкарнацијата е шанса за нив!"

„За Македонија кажи ми, те молам!" навалуваше Димза, речиси молеше загледан во исправената женска ласица.

„Е, па, ако паметиш, кога така ненадејно испари од светот, веќе имавме дојдено до започнување преговори за присоединување кон Европската Унија. Веќе го имавме сменето името на државата, на јазикот, на народот, на птиците, на јадењата. Едноставно ја потаманивме придавката македонски, македонска, македонско. И гледај чудо! Решија да нè примат! Така обезличени, обезобразени, сомелени, смалени, ступкани..."

„И?" крикна Димза во темницата од паркот, "сме сега членка на ЕУ?"

„Не возбудувај се!" му рече смирено Марија и трепна со очињата, „кога завршија преговорите некаде пред три години и кога требаше да нè прогласат за триесет и седма членка, наеднаш веќе немаше каде и кој да не прими. Унијата, што се вели, преку ноќ се распадна. Првин се скараа за уставот, па за буџетот, па се разгоре национализмот, па се фатија за гуша... И толку! Ја снема ЕУ како никогаш да не била!"

„И?" навалуваше Димза неможејќи веднаш да ја свари со мешето голтната приказната за распадот на ЕУ.

„И ние си продолживме," рече Марија смирено, „бидејќи убедени дека сами не нè бидува а веќе докажани во светот како врвни и единствени експерти за исполнување бенчмаркови, властите, повикувајќи се на ова единствено искуство, се свртија кон нови држави и асоцијации. Првин се говореше дека еве САД ќе нè примат, само што не нè примиле, кога, нема ни две години оттогаш, а Калифорнија и целиот некогаш победен конфедерациски југ, се побуни, изгласа референдум и се отцепи!"

„Значи веќе ги нема САД, а?" свика Димза попарен набаре му потонале сите невестулски гемии.

„Ги нема," рече мирно женската ласица и си гризна од кората тука близу до неа.

„И потоа, потоа?" инсистираше Димза иако грленцето му беше претесно за низ него да минат толку крупни залаци.

„Потоа се свртивме кон Русија но таа ладнокрвно нѐ откачи. Единствено добивме права можност првин од Индија а потоа и од Кина!"

„Како?" се дереше Димза од јасеновата гранка, „без услови?"

„Па, речиси," рече Марија.

„Како речиси? Што значи тоа речиси?" молеше за одговори Димза.

„Пред две години дојдоа Индијците, видоа, сторија и рекоа дека ептен сме биле таман за кај нив особено што сме имале нивно малцинство тука. Само побараа да исполниме еден бенчмарк."

„Каков бенчмарк, жити мајка? Што услов барала Индија од нас?"

„Да станеме црни како нивното малцинство кај нас!" рече Марија. Се виде дека исправената ласица преполна женски предизвици во зборот и страсни плотни тајни во телото ужива да го гледа Димета збунет, неопитен, распаметен, неподготвен за информациите што таа му ги кажуваше за настаните што се случувале по неговата реинкарнација а кои тој, од разбирливи причини, не можеше да ги знае. „И да знаеш дека ќе успеевме," продолжи Марија, „пеколната пропаганда бргу нѐ убеди дека овој бенчмарк многу лесно ќе го исполниме. И почнаа секојдневно да нѐ црнат. Болниците, амбулантите кај што се изведуваше операцијава беа преполни граѓани кои стрпливо чекаа на ред да ги обојат од глава до петици во црно. Додуша не беше едноставно. Штом ќе ги обоеја ги пуштаа дома да се сушат и ги тераа да се вратат по некој ден за втора рака бојадисување, демек, сигурно да успеело и Индијците да биле задоволни!"

„Господи!" веќе плачеше Димза, „и сега сме дел од Индија, не?"

„Ни случајно,“ рече ладнокрвно Марија, „таман тргна бојадисувањето како што треба, се смени власта. А секоја власт кај нас, како што знаеш, сака сè од нејзе да почнува. Бргу се откажаа од намерите да се приклучиме кон Индија и прејдоа на преговори со Кинезите.“

„Кинезите?“ липаше очајно Димза на ветката, „што имаме ние со Кинезите, жити мајка?“

„Не знам што имаме,“ рече Марија малку ко збунета зашто првпат, при споменувањето на Кинезите, малку ко да се подисплаши, ко да се потприбра во тонот и во гестикулациите, „ама овие веднаш се согласија да нè примат но по исполнувањето на еден бенчмарк. Претпоставувам ти текнува кој.“

„Не, само тоа не!“ вресна Димза и се фати за глава„„не сакам ни да помислам дека и на тоа сме се согласиле!“ ронеше кутриот крупни солзи од високиот јасен и ја наводнуваше жедната трева долу.

„Се согласивме, верувај ми. Ко попчиња. Па нели сме специјалисти за секакви одредници? По наредба на власта прифативме да ни ги искосат очите! Што мислиш, зошто сум ваква?“ Марија се сврте кон Димза а тој и го сети здивот што баздеше на изедениот свеж мов. „Ај види ме малку поарно! Гледаш дека ми е косо само едното око? Баш сабајлево одев во судска палата кај што требаше денеска да ми го искосат и другото кога ме згазна колата и се реинкарнирав во ласица со само едно косо око! Веројатно нема да забележат кога ќе влегуваме во Кина, не?“ рече загрижено „што мислиш, а?“

Димза стоеше саштисан и онемен и стаписан на гранката. Не требаше многу за да си го види првиот, смешен живот како му врви пред очи, па досегашниот втор. Му се стори небаре цел еден век виси скукулен таму на ветката и размислува. Најпосле се чини ја сфати заблудата, го сврте главчето нагоре кон небото и рече, „Господе, прости ми што сум размислувал глобално, што сум ти се мешал во работите и сум ти ги корел постапките. Многу сум грешел! Навистина никој не ги знае твоите патишта и никој, освен тебе, не знае што е најдобро за светот и за луѓето! Отсега ќе си ја гледам само својата работа и ќе ги користам

благодетите на животот што си ми го дал па макар во облик на една просечна, ситна чаирска ласица!“

Потоа посегна, ја прибра подисплашената Марија до себе, ја гушна и пред разденување, ја пикна во безбедната дупка од јасеновото стебло среде паркот.

Набргу се радуваше како дете кога, по надминувањето на неопитноста, ги откри начините на кои ласиците водат љубов.